**20120952443**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ**

Се прогласува Законот за идентификација и регистрација на животните,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 јули 2012 година.

Бр. 07- 3441/1
24 јули 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ

## Глава I
## Општи одредби

### Член 1
### Предмет на Законот

Со овој закон се уредува системот за идентификацијата и регистрацијата на фармските и другите животни.

### Член 2
### Примена на Законот

Овој закон се применува на фармски животни и други животни и на одгледувалишта на кои се одгледуваат фармски и други животни согласно со овој закон.

### Член 3
### Дефиниции

(1) Поимите дефинирани со Законот за ветеринарно здравство и Законот за безбедност на храната се применуваат и во овој закон, доколку со овој закон поинаку не се дефинирани.

(2) Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Фармско животно” е животно од видот говеда, вклучувајќи ги видовите биволи (Bubalus bubalis) и бизони (Bison bison), свињи (животни од фамилијата Suidae) со исклучок на диви свињи и овци и кози кои се одгледуваат на одгледувалиште;
2. „Друго животно” е животно кое не е опфатено со терминот фармско животно;

3. „Одгледувач” е правно или физичко лице кое е сопственик на фармско или друго животно или кое било лице овластено од сопственикот и одговорно за чување на животните, дури и привремено;

4. „Одгледувалиште” е објект, градба или во случај на отворено, место во кое животните опфатени со овој закон се чуваат, одгледуваат или држат вклучително и добиточни пазари;

5. „Регистар на одгледувалиште” е посебен регистар за секој вид животно кој содржи податоци за одгледувалиштето, одгледувачот, животните и промените кои се случуваат на одгледувалиштето, утврдени со овој закон;

6. „Централна електронска база на податоци за идентификација и регистрација на животни” е централна база на податоци во која се внесуваат податоци за регистрираните одгледувалишта, одгледувачот, животните на одгледувалиштата, промените кои се случуваат на одгледувалиштата и други податоци утврдени со овој закон;

7. „Документи за движење” се пасошот за говеда и домашни миленици и Ветеринарно-здравствениот сертификат согласно со Законот за ветеринарно здравство со кои животните се придружени при нивното движење.

8. „Пчелно семејство“ е рој од пчели на восочно саќе во пчелно живеалиште (кошница, трмка и друго) кое се состои од една матица, пчели работнички во текот на целата година и трутови во текот на производната сезона;

9. „Средства за идентификација“ се ушни маркици, тетоважи, средства за електронска идентификација и други средства за индивидуална или групна идентификација на животните;

10. „Регистерски број на одгледувалиште (РБО)“ е единствен регистарски број на одгледувалиштето доделен од Агенцијата за храна и ветеринарство со кој одгледувалиштето се идентификува;

11. „Копитари“ се домашни животни од видовите equine и asinine или нивен подмладок добиен со нивно вкрстување и

12. „Превозник“ е секое физичко или правно лице кое врши превоз на животни за сопствени потреби или за потреби на трета страна.

Член 4

**Субсидијарна примена**

(1) На постапките за спроведување на одредбите од овој закон соодветно се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) На постапките за спроведување на инспекцискиот надзор соодветно се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор, Законот за безбедност на храна и Законот за ветеринарно здравство, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 5

**Надлежен орган**

Надлежен орган за спроведување на стручните и управните работи утврдени со овој закон е Агенцијата за храна и ветеринарство (во натамошниот текст: Агенцијата).

Член 6

(1) Заради одржување или унапредување на нивото на заштита на луѓето и животните во Република Македонија, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство (во натамошниот текст: директорот на Агенцијата) може да донесе мерки на здравствена заштита на луѓето и животните, да пропише дополнителни услови, да објави листи или даде одобрение врз основа на критериумите и стандардите кои се применуваат во Европската унија, а кои се донесени врз

основа на процена на можните ризици по здравјето на луѓето и животните и согласно со научни докази, по спроведената постапка од страна на Европската комисија со која Комисјијата е овластена да постапува за работи кои се однесуваат на безбедност на храната и ветеринарната политика.

(2) Директорот на Агенцијата може да одобри во случај на елементарни непогоди и вонредна состојба, да се продолжат роковите во однос на системот за идентификација и регистрација на животните пропишани со овој закон.

Глава II

**Систем за идентификација и регистрација на животни**

Член 7

**Обврски на одгледувачот**

(1) Одгледувачот е должен навремено и уредно да го регистрира одгледувалиштето, животните, промените и да ги исполнува другите обврски кои произлегуваат од овој закон, на начин и во согласност со роковите утврдени со овој закон и подзаконските прописи донесени врз основа на овој закон.

(2) Одгледувачите вклучително и превозниците се должни да дадат потребна помош за да се обезбеди ефикасно спроведување на официјалните контроли кои ги врши Агенцијата, и тоа:

- да дозволи пристап до сите животни, објекти, простории, опрема, средства за превоз или друга инфраструктура и
- да овозможи достапност до секој документ и евиденција на барање на Агенцијата.

Член 8

**Елементи на системот за идентификација и регистрација на животните**

(1) Системот за идентификација и регистрација на животни го сочинуваат:

1) Централна електронска база на податоци за идентификација и регистрација на животните (во натамошниот текст: Електронската база на податоци);

2) средства за поединечна и групна идентификација на животните;

3) индивидуални регистри за секое одгледувалиште за животните;

4) документи за движење на животните и

5) други документи за индивидуална идентификација.

(2) Идентитетот на животните се утврдува со средствата за идентификација и документите за движење.

Член 9

**Регистрација на одгледувалишта**

(1) Одгледувачот на фармски животни, со исклучок на превозниците, треба да го регистрира своето одгледувалиште.

(2) Одгледувачот на други животни, со исклучок на превозниците и одгледувачи на домашни миленици, треба да го регистрира своето одгледувалиште само во случај кога тоа е потребно и практично изводливо и кога животните може да претставуваат закана за здравјето на луѓето и животните.

(3) Одгледувачите од ставовите (1) и (2) на овој член до Агенцијата доставуваат барање за регистрирање на одгледувалиштето на животни.

(4) Врз основа на поднесеното барање од ставот (3) на овој член Агенцијата издава единствен регистарски број на одгледувалиштето и карта за идентификација на одгледувалиштето.

(5) По регистрацијата секоја промена на податоците во однос на одгледувалиштето и одгледувачот треба да биде пријавена до Агенцијата во рок од 25 дена.

(6) По исклучок од ставот (1) на овој член одгледувачите на свињи кои одгледуваат само една свиња наменета за домашна употреба не треба да го регистрираат своето одгледувалиште.

(7) Во случај на неповолна епидемиолошка состојба, односно заради потребите за унапредување на системот за идентификација и регистрација на животните, директорот на Агенцијата може да одлучи одгледувалиштата од ставот (6) на овој член да се регистрираат.

(8) Одгледувачите на фармски и други животни Агенцијата ги евидентира во Електронската база на податоци при што особено се внесуваат следниве податоци: единствен регистарски број на одгледувалиштето, име и презиме, матичен број на граѓанинот, адреса на живеење и телефонски број.

(9) Личните податоци од регистарот од ставот (8) на овој член се чува најмалку три години од денот на напуштањето на последното животно на одгледувалиштето.

(10) Директорот на Агенцијата ги пропишува начинот за регистрација, формата и содржината на образецот на барањето за регистрирање на одгледувалишта, формата и содржината на картата за идентификација на одгледувалиштето, начинот за пријавување и евидентирање на промените на одгледувалиштето и одгледувачот, како и видовите на други животни од ставот (2) на овој член.

Член 10

**Документ за движење**

При движење фармските животни и другите животни треба да бидат придружени со документ за движење, кој служи и за пријавување на движењето во Електронската база на податоци.

Член 11

**Електронска база на податоци**

(1) Агенцијата воспоставува и води Електронската база на податоци во која се внесуваат податоци за одгледувалиштата и одгледувачите на фармски и други животни, податоците од членот 9 став (8) од овој закон, податоци за животните, податоци за движењата на животните, податоци за пописот на одредени видови животни и други податоци утврдени во прописот од ставот (7) на овој член.

(2) Одгледувачот треба да ја извести Агенцијата за движењата на фармските животни во и од одгледувалиштето, вклучително со датумите на овие настани и податоци за животните, во рок од седум дена откако настанот се случил.

(3) За животните од видот говеда, покрај податоците од ставот (2) на овој член, одгледувачот треба да ја извести Агенцијата и за секое раѓање и угинување на животни на одгледувалиштето во рок од седум дена.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, одгледувачот на животни од видот свињи е должен да ги пријави ознаките на животните во Електронската база на податоци, но само при првото движење.

(5) Одгледувалиште треба да остане регистрирано во Електронската база на податоци најмалку три последователни години од денот на напуштањето на последното животно на одгледувалиштето.

(6) Податоците во Електронската база на податоци се чуваат најмалку три години, и тоа за:

- животните од денот на угинување, колење или извоз и
- одгледувалиштата од денот на напуштање на последното животно на одгледувалиштето.

(7) Директорот на Агенцијата ги пропишува содржината и начинот на водење на Електронската база на податоци за одделните видови на животни, податоците кои одгледувачот треба да ги достави до Агенцијата за одделните видови животни, како и начинот за известување до Електронската база на податоци.

Член 12

**Средства за идентификација на животни**

Животните треба да бидат идентификувани со средства за идентификација, и тоа:

1) за секое животно од видот говеда со:

- ушни маркици или
- електронско средство за идентификација;

2) за секое животно од видовите овци и кози со:

- електронски средства за идентификација,
- ушни маркици или
- алтернативни средства;

3) за секое животно од видот свињи со ушна маркица или тетоважа на левата страна од телото, при што левата страна од телото на животното не смее да содржи други ознаки;

4) за секој домашен миленик со:

- микрочип во согласност со ИСО стандардите 11.784 и 11.785 и
- пасош (документ за идентификација);

5) за пчеларници со идентификациска табла на одгледувалиште и

6) со средства за идентификација на други видови животни.

(2) Средствата за идентификација не смеат да се злоупотребуваат, да се отстрануваат или заменуваат без дозвола на Агенцијата.

(3) Директорот на Агенцијата го пропишува изгледот и податоците кои ги содржат средствата за идентификација од ставот (1) на овој член, како и другите барања кои средствата за идентификација треба да ги исполнат за одделни видови на животни.

Член 13

**Регистар на одгледувалишта**

(1) Одгледувачите на фармски животни и на други животни во случај кога тоа е потребно и практично изводливо, односно кога животните може да претставуваат закана за здравјето на луѓето и животните, треба да води и тековно да надополнува регистар на одгледувалиште, рачно или електронски кој ги содржи сите податоци за одгледувалиштето и животните утврдени согласно со прописот од ставот (7) на овој член.

(2) Одгледувачи на животни од видот свињи, овци и кози и пчели, а доколку е потребно заради унапредување на системот за идентификација и регистрација на животните или потреби за здравствена заштита на животните и одгледувачите на други видови на животни, треба да извршат попис на животните на нивното одгледувалиште и податоците да ги внесат во регистарот на одгледувалиште.

(3) Податоците од извршениот попис од ставот (2) на овој член, одгледувачот треба да ги достави до Електронската база на податоци во рок од 30 дена.

(4) Регистарот на одгледувалиште треба да е достапен на барање на Агенцијата.

(5) Податоците од регистарот на одгледувалиштето се чуваат во период кој не смее да е пократок од три години.

(6) По исклучок од ставот (1) на овој член директорот на Агенцијата може за одгледувалиштата на овци и кози да одобри регистарот на одгледувалиште да биде факултативен штом Електронската база на податоци, ќе биде оперативна.

(7) Директорот на Агенцијата ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на одгледувалишта за оделните видови на фармски животни и на други животни, начинот, содржината и зачестеноста на вршење на пописот од ставот (2) на овој член и начинот на пријавување до Агенцијата.

## Глава III
## **Посебни одредби за идентификација и регистрација на фармски животни**

### Член 14
### **Идентификација и регистрација на животните од видот говеда**

(1) Одгледувач на животни од видот говеда треба да ги идентификува животните на своето одгледувалиште со средства за идентификација согласно со членот 12 став (1) точка 1 од овој закон, во рок кој не е подолг од 20 дена од нивното раѓање, но во секој случај пред животните да го напуштат одгледувалиштето.

(2) Доколку средството за идентификација станало нечитливо, се оштети или изгуби, одгледувачот треба во рок од седум дена да побара замена на средството за идентификација со ново кое го има истиот код како оригиналот. Заменетото средство за идентификација треба да содржи ознака за редниот број на замената.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член говедата наменети за културни и спортски настани, со исклучок на саеми и изложби, може да се идентификуваат на начин кој ќе овозможи внесување и следење на животното во системот за идентификација и регистрација на животни кој треба да биде одобрен од страна на Агенцијата.

(4) Директорот на Агенцијата го пропишува начинот на идентификација и регистрација на животните од видот говеда.

### Член 15
### **Пасош за говеда**

(1) Животно од видот говеда кое се идентификува Агенцијата му издава пасош во рок од 14 дена од известувањето за неговото раѓање.

(2) При секое движење говедото треба да е придружено со пасош издаден согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Во случај на набавка на говедо, новиот сопственик е должен да го ажурира пасошот со внесување на своите податоци и податоците за своето одгледувалиште и истиот да го потпише.

(4) Во случај на угинување на говедото, одгледувачот треба да го внесе датумот на угинувањето и да го врати пасошот на Агенцијата во рок од седум дена од угинувањето на говедото.

(5) Во случај кога говедата се пратени на колење, кланицата е одговорна за внесување на датумот на колење во пасошот и Електронската база на податоци и е должна да го врати пасошот до Агенцијата во рок од седум дена од денот на колењето.

(6) Во случај пасошот да е изгубен, оштетен, нечитлив, уништен или украден, одгледувачот на говеда треба во рок од седум дена да побара дупликат на пасошот.

(7) Доколку теле помладо од 21 ден се движи од едно во друго одгледувалиште и доколку за него не е издаден пасош, за него се издава привремен документ кој содржи исти податоци како пасошот за говеда.

(8) Теле придружено со привремен документ за движење не смее да се движи меѓу повеќе од две одгледувалишта. Движење меѓу две одгледувалишта преку добиточен пазар или собирен центар се смета како едно движење, под услов добиточниот пазар или собирниот центар да обезбеди целосни податоци за извршените движења во рамките на пазарот или центарот.

(9) Одгледувачот е должен документот од ставот (7) на овој член да го предаде на Агенцијата пред телето да наврши 28 дена по што ќе се издаде пасош во рок од 14 дена и во случај кога телето е угинато или заклано во рок од седум дена.

(10) Директорот на Агенцијата ги пропишува формата и содржината на пасошот и привремениот документ за движење, како и начинот за издавање на пасош за говеда.

Член 16
**Идентификација и регистрација на животните од видовите овци и кози**

(1) Одгледувачите на животни од видовите овци и кози треба да ги идентификува животните на неговото одгледувалиште во рок кој не е подолг од шест месеци од раѓањето на животното, односно во рок од девет месеци во случај кога животните се одгледуваат екстензивно или слободно се напасуваат, но во секој случај пред животното да го напушти одгледувалиштето.

(2) Идентификацијата на животните од видовите овци и кози се врши со електронски средства за идентификацијата од членот 12 став (1) точка 2 алинеја 1 од овој закон како прво средство за идентификација.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член животните наменети за колење кои не се постари од 12 месеци можат да бидат идентификувани на начин со кој се обезбедува следливост до одгледувалиштето на потекло.

(4) Доколку средството за идентификација станало нечитливо, се оштети или изгуби, одгледувачот треба во рок од седум дена да побара замена на средството за идентификација со ново и да го идентификува животното во рок од 30 дена. Податоците од заменетото средство за идентификација треба да се внесат во регистарот на одгледувалиштето и во Електронската база на податоци на начин кој овозможува индентификација на претходната ознака на животното.

(5) Директорот на Агенцијата го пропишува начинот на идентификација и регистрација на животните од видовите овци и кози.

Член 17
**Идентификација и регистрација на животните од видот свињи**

(1) Секој одгледувач на животни од видот свињи треба да ги идентификува животните на неговото одгледувалиште пред животните да го напуштат одгледувалиштето со средства за идентификација согласно со членот 12 став (1) точка 3 од овој закон.

(2) Доколку средството за идентификација станало нечитливо, се оштети или изгуби, одгледувачот треба во најкраток рок, но не подоцна од 30 дена да го замени средството за идентификација со ново. Податоците од заменетото средство за идентификација треба да се внесат во регистарот на одгледувалиштето на начин кој овозможува поврзување со претходната ознака на животното.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член свињите наменети за културни и спортски настани, со исклучок на саеми и изложби, може да се идентификуваат на начин кој ќе овозможи внесување и следење на животното во системот за идентификација и регистрација на животни.

(4) Директорот на Агенцијата го пропишува начинот на идентификација и регистрација на животните од видот свињи.

Член 18
**Идентификација и регистрација на домашни миленици**

(1) Одгледувачот на домашен миленик треба да го идентификува животнотно во рок од шест месеци од раѓањето со средства за идентификација согласно со членот 12 став (1) точка 4 од овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член кучињата за кои не може да се утврди сопственоста и се движат слободно ќе се обележуваат согласно со прописите од областа за благосостојба на животните.

(3) Одгледувачите кои набавиле идентификуван домашен миленик треба да ги ажурираат податоците во пасошот на домашни миленици и да ја пријават промената до Агенцијата во рок од 30 дена.

(4) На секој домашен миленик по апликацијата на средството за идентификација му се издава пасош со податоците за животното и одгледувачот на животното.

(5) Податоците од пасошот од ставот (4) на овој член се внесуваат и во Електронската база на податоци од членот 11 од овој закон.

(6) Доколку средството за идентификација се оштети или е неупотребливо, одгледувачот треба во рок од 30 дена да го замени средствтото за идентификација со ново. Податоците од заменетото средство за идентификација треба да се внесат во Електронската база на податоци од членот 11 од овој закон на начин кој овозможува идентификација на претходната ознака на животното по што се издава нов пасош за животното.

(7) Директорот на Агенцијата ги пропишува начинот и постапката за идентификација и регистрација на други видови животни.

Член 19

**Идентификација и регистрација на други животни**

(1) Други животни и одгледувалиштата на кои животните се чуваат се идентификуваат и регистрираат во системот за идентификација и регистрација во случај определен со овој закон и подзаконските прописи донесени врз основа на овој закон согласно со членот 9 став (2) од овој закон и во случај кога производите од животинско потекло се ставаат во промет.

(2) Регистрирањето на одгледувалиштата од ставот (1) на овој член се врши врз основа на информации обезбедени од лицето одговорно за одгледувалиштето.

(3) Во случај на идентификација на одгледувалишта во кои се чуваат кокошки несилки, регистарскиот број доделен на одгледувалиштето треба да овозможи следење на јајцата ставени во промет.

(4) Директорот на Агенцијата ги пропишува начинот и постапката за идентификација и регистрација на други видови животни.

Член 20

**Идентификација и регистрација при увоз**

(1) Секое увезено фармско и друго животно за кои во Република Македонија се спроведува систем за идентификација и регистрација, кое го поминало ветеринарниот преглед на граничната ветеринарна инспекција треба да се идентификува во првото одгледувалиште на истовар согласно со овој закон и да се внесе во системот за идентификација и регистрација на животнтите, и тоа за:

- говеда во рок од 20 дена,
- овци и кози во рок од 14 дена,
- свињи во рок од 30 дена и
- кучиња во рок од 30 дена.

(2) При увоз на животни од земји членки на Европската унија кои се обележани на начин и средства што се користат и во Република Македонија, животните ги задржуваат оригиналните средства за идентификација, при што во случај увоз на животни од видот говеда Агенцијата издава пасош за говеда.

(3) Оригиналната идентификација воспоставена од земјата на потекло треба да се регистрира во Електронската база на податоци.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член животното кое е наменето за колење не се идентификува, доколку директно се превезува од граничен премин до кланицата и се заколе во рок од:

- 20 дена по извршените ветеринарни контроли од ставот (1) на овој член, за животни од видот говеда,
- пет дена по извршените ветеринарни контроли од ставот (1) на овој член, за животни од видот овци и кози и
- 30 дена по извршените ветеринарни контроли од ставот (1) на овој член, за животни од видот свињи.

(5) Во случај на увоз на говеда од земја членка на Европската унија пасошот кој го следи животното се предава на надлежниот орган на земјата членка извозничка.

(6) При увоз на животни од земја членка на Европската унија која применува систем на електронска идентификација, треба да се потврди дека индивидуалниот број на електронската идентификација и карактеристиките на употребеното средство се наведени во соодветниот сертификат.

## Глава IV
## **Примена на овој закон**

### Член 21
### **Надоместоци и трошоци**

(1) Трошоците кои произлегуваат од системот за идентификација и регистрација на животните се на товар на одгледувачите на животни.

(2) Кога Агенцијата ќе утврди одредена неусогласеност од која произлегуваат дополнителни официјални контроли, кои ги надминуваат вообичаените контролни активности на Агенцијата утврдени со овој закон и прописите донесени со овој закон, трошоците настанати при нивното спроведување ќе бидат на товар на одгледувачот на животни.

(3) Висината на надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член и начинот на наплата, освен трошоците за средствата за идентификација, ги пропишува Владата на Република Македонија врз основа на реално потребните трошоци за нивно спроведување.

(4) Средствата од надоместоците од ставот (2) на овој член се уплаќаат на сметка на Буџетот на Република Македонија.

(5) Кога Агенцијата врши неколку официјални контроли во исто време во еден објект, сите се сметаат за една активност и се наплаќа единствен надоместок.

## Глава V
## **Право на пристап и заштита на податоците**

### Член 22
### **Право на пристап**

(1) Агенцијата и овластените ветеринарни друштва согласно со овој закон имаат право на пристап до одгледувалиштата, животните, објектите каде што се чуваат животните, како и до податоците во врска со животните, одгледувачите и одгледувалиштата утврдени со овој закон.

(2) Агенцијата презема мерки за да се обезбеди пристап до податоците од Електронската база на податоци од ставот (1) на овој член на секое лице кое има право на интерес утврден со закон, вклучувајќи ги и здруженијата на потрошувачи, притоа

обезбедувајќи тајност и заштита на тие податоци во согласност со прописите за класифицирање на информации.

Член 23

**Заштита на податоците**

(1) Личните податоци кои се чуваат во регистрите и Електронската база на податоци, според овој закон, треба да бидат заштитени согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член податоците можат да се користат за ветеринарни и зоотехнички студии и програми чие спроведување се смета за неопходно со претходна согласност на одгледувачите на животни.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член податоците можат да се користат на барање на зруженијата на потрошувачи по претходна согласност од Советот на потрошувачите.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член податоците од Електронската база на податоци можат да се користат за обележување на говедското месо и месото од други видови на животни, како и за производи од говедско месо и производи од месо од други животни, без согласност на одгледувачите на животни.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член податоците можат да се користат за имплементација на национални програми за поддршка во сточарството, без согласност на одгледувачите, но со претходно одобрување од Владата на Република Македонија.

(6) По исклучок од ставот (1) на овој член податоците можат да се дадат во случаи предвидени со закон.

(7) Агенцијата наплаќа надоместок за издавање на податоците од ставовите (2), (3), (5) и (6) на овој член кои треба да се во висина на реално направените трошоци за нивно издавање.

(8) Податоците од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член не смеат да се објавуваат, доколку постои опасност дека правата за заштита на податоците нема да се применуваат.

(9) Директорорт на Агенцијата ја пропишува висината на надоместоците и од ставот (7) на овој член.

Глава VI

**Организација и вршење на идентификација**
**и регистрација на животните**

Член 24

**Овластени ветеринарни друштва**

(1) Спроведувањето на системот за идентификацијата и регистрацијата на животните го вршат ветеринарни друштва кои се овластени од Агенцијата и имаат склучено договори со одгледувачите на животни согласно со Законот за ветеринарно здравство.

(2) Овластените ветеринарни друштва од ставот (1) на овој член треба да се одобрени од Агенцијата и да работат согласно со Законот за ветеринарно здравство.

(3) Овластените ветеринарни друштва се должни:

1) да го идентификуваат новороденото теле и да ги внесат податоците во Електронската база на податоци веднаш, но не подоцна од 20 дена од денот на раѓањето на животното;

2) да издаде пасош за говедото во рок од 14 дена од регистрацијата на раѓањето на телето, односно во случај на увоз од извршената идентификација согласно со членот 19 став (1) од овој закон, а во случај на увоз од земја членка на Европската унија согласно со членот 19 став (2) од овој закон од денот на регистрацијата во Електронската база на податоци;

3) да ги внесуваат податоците во Електронската база на податоци и да ги доставуваат документите до Агенцијата за промените на одгледувалиштата и животните веднаш, но не подоцна од пет дена од приемот на податоците, и тоа:

- за животни: идентификување на животни, движење, угинување и слично и

- за одгледувалиште: промена на податоци на одгледувалиште, регистрација на ново одгледувалиште, попис на одгледувалиште, прекин на работа на одгледувалиште и друго;

4) да ги изготват и предадат документите од системот за идентификација и регистрација на животните до одгледувачот, документи за движење, регистар на одгледувалиште, легитимација за одгледувалиште, привремениот документ за движење и друго, во рок од десет дена и

5) совесно да ги чува и да води евиденција за средствата за идентификација и на другите документи од системот за идентификација и регистрација на животните.

(4) Овластените ветеринарни друштва не смеат да ги злоупотребуваат средствата за идентификација, Електронската база на податоци и други документи или материјали кои произлегуваат од системот за идентификација и регистрација на животните, како и да ги надминуваат овластувањата согласно со овој член.

Член 25

**Овластени одгледувачи**

(1) По исклучок од членот 24 став (1) од овој закон одгледувачите на говеда, овци и кози и свињи, по претходно овластување од Агенцијата, може да вршат апликација на средствата за идентификација на животните согласно со овој закон и внесување на податоците во Електронската база на податоци исклучиво на животните од своето одгледувалиште.

(2) По исклучок од членот 24 став (1) од овој закон кланиците, добиточните пазари и собирните центри, можат сами да ги внесуваат податоците за движењата на животните на нивните одгледувалишта.

(3) За да добијат овластување одгледувачите од ставовите (1) и (2) на овој член треба да поднесат барање до Агенцијата и да ги исполнат следниве услови:

- да имаат успешно завршено обука организирана од страна на Агенцијата согласно со програмата за обука на одгледувачи,

- редовно да ги исполнувале обврските кои произлегуваат од Законот за ветеринарно здравство и Законот за идентификација и регистрација на животните во последните три години и

- да поседуваат соодвента опрема за спроведување на системот за идентификација и регистрација.

(4) На одгледувачите кои поднеле барање, Агенцијата им издава овластување за вршење на активностите од ставот (1) на овој член, доколку ги исполниле условите од ставот (3) на овој член.

(5) Овластениот одгледувач не смее да ги продава, отуѓува или на кој било друг начин злоупотребува средствата за идентификација или да внесува неточни податоци или на кој било друг начин да ја злоупотреби Електронската база на податоци.

(6) Овластувањето на одгледувачот од ставот (4) на овој член ќе биде одземено во случај:

- на барање на одгледувачот,

- кога одгледувалиштето се затвора,

- одгледувачот престане да ги исполнува условите од ставот (3) на овој член,

- одгледувачот не работи согласно со упатствата за спроведување на системот за идентификација и регистрација дадени од Агенцијата и

- одгледувачот работи спротивно на одредбите од ставот (5) на овој член.

(7) Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува условите во поглед на соодветната опрема за опремата за спроведување на системот за идентификација и регистрација, начинот за овластување на одгледувачите на животни, кланиците, собирните центри и добиточните пазари, содржината на програмата, начинот за спроведување на обуката која треба да ја поминат одгледувачите за да бидат овластени, како и начинот на внесување на податоците и роковите за внес на податоците во Електронската база на податоци за животните на своите одгледувалишта.

Член 26

(1) Агенцијата во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за овластување од членот 25 став (4) од овој закон, донесува решение со кое одлучува по барањето за овластување на одгледувачите од членот 25 ставови (1) и (2) од овој закон.

(2) Доколку Агенцијата не го одобри барањето, односно не донесе решение за одбивање на барањтето во рокот од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на Агенцијата за донесување на решение по поднесеното барање. Доколку директорот на Агенцијата нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Агенцијата.

(3) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

(4) Кон барањето за издавање решение од ставот (2) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од членот 25 став (4) од овој закон.

(5) Директорот на Агенцијата е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член да донесе решение со кое барањето за издавање на решение за овластување е уважено или одбиено.

(6) Доколку директорот на Агенцијата не донесе решение во рокот од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(7) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (6) на овој член да изврши надзор во Агенцијата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

(8) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Агенцијата во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(9) Доколку директорот на Агенцијата не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој директорот на Агенцијата ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку директорот на Агенцијата не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (9) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема

писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(12) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (11) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовте (7) и (8) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (9) и (10) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Агенцијата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(15) Во случаите од ставот (14) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

(16) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(17) Доколку директорот на Агенцијата не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(18) Постапката пред Управниот суд е итна.

Член 27

**Овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација**

(1) Средства за идентификација на животните се ставаат во промет од страна на правни лица кои се претходно овластени од страна на Агенцијата.

(2) За да бидат овластени правните лица од ставот (1) на овој член треба да поднесат барање до Агенцијата по што Агенцијата издава овластување и пристап до системот за идентификација и регистрација на животните.

(3) Овластените правни лица од ставот (1) на овој член може да ставаат во промет само средства за идентификација согласно со членот 12 од овој закон.

(4) Во текот на работата, овластеното правно лице треба да се придржува до условите и роковите пропишани со овој закон и прописот од ставот (8) на овој член да назначат лице за контак и да ги исполнат условите во однос на:

- просториите за складирање на средствата за идентификација и
- опремата.

(5) Овластувањето од ставот (2) на овој член ќе биде одземено доколку правното лице не ги исполнува условите од ставот (4) на овој член.

(6) Во случај кога ниту едно правно лице не ја врши работата од ставот (1) на овој член, Агенцијата го презема вршењето на работите до овластување на правно лице.

(7) Овластените правни лица не смеат да ги злоупотребуваат средствата за идентификација на животните или Електронската база на податоци, како и да ги надминуваат овластувањата согласно со овој член.

(8) Директорот на Агенцијата ги пропишува обврските и условите кои треба да ги исполнуваат правните лица за ставање во промет на средствата за идентификација на животните во однос на простории, опрема, како и условите и роковите за ставање во промет на средствата за идентификација.

Член 28

(1) Агенцијата во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за овластување од членот 27 став (2) од овој закон, донесува решение со кое одлучува по барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација.

(2) Доколку Агенцијата не го одобри барањето, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на Агенцијата за донесување на решение по поднесеното барање. Доколку директорот на Агенцијата нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Агенцијата.

(3) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

(4) Кон барањето за издавање решение од ставот (2) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од членот 27 став (2) од овој закон.

(5) Директорот на Агенцијата е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член да донесе решение со кое барањето за издавање на решение за овластување е уважено или одбиено.

(6) Доколку директорот на Агенцијата не донесе решение во рокот од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(7) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (6) на овој член да изврши надзор во Агенцијата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

(8) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Агенцијата во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(9) Доколку директорот на Агенцијата не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој директорот на Агенцијата ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку директорот на Агенцијата не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (9) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема

писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(12) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (11) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовте (7) и (8) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (9) и (10) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Агенцијата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(15) Во случаите од ставот (14) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

(16) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(17) Доколку директорот на Агенцијата не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(18) Постапката пред Управниот суд е итна.

## Глава VII
## **Надзор**

### Член 29
### **Надлежност за вршење надзор**

(1) Надзор на спроведување на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него ги врши Агенцијата.

(2) Работите на инспекцискиот надзор ги вршат официјалните ветеринари.

### Член 30
### **Права и обврски на официјалниот ветеринар**

(1) Официјалниот ветеринар има право на непречен пристап до сите одгледувалишта, средства за превоз, кланици, собирни центри, добиточни пазари и сите места каде што се држат животни постојано или привремено, овластени ветеринарни друштва, овластени правни лица за дистрибуција на средства за идентификација на животни, животни, документи и податоци за нив за контрола на спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени во согласност со овој закон.

(2) Официјалниот ветеринар заради утврдување на усогласеност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши:

- инспекциски контроли на самото место (одгледувалишта, кланици, движење на животни, средство за превоз, пасишта итн.) и

- надзор на активностите на овластените ветеринарни друштва и овластени правни лица за дистрибуција на средствата за идентификација на животните кои произлегуваат од спроведувањето на овој закон.

(3) Надзорот меѓу другото вклучува проверка на стручната работа и исполнителност на обврските кои произлегуваат од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон на овластените ветеринарни друштва, одгледувачите, овластените правни лица за дистрибуција на средства за идентификација на животни, како и кланиците, собирните центри и добиточните пазари, вкучувајќи и препораки и рокови за отстранување на утврдените неправилности.

(4) При вршење на надзорот официјалниот ветеринар има право и должност да:

- бара податоци и известувања од одговорните лица, сведоци, вештаци и други лица за ефикасно извршување на својата работа,

- нареди да се отстранат утврдените неправилности и недостатоци согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,

- нареди мерки и рокови во кои утврдените неправилности и недостатоци треба да се отстранат,

- изрече казна во случаи утврдени со овој закон,

- поднесе кривична пријава и пријава за прекршок кога извршеното дејствие има карактер на кривично дело, односно прекршок,

- одзема документи, средства за идентификација на животни согласно со овој закон,

- одзема животни согласно со овој закон,

- забрани движење и

- врши и други работи пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Член 31

**Задолжителни контроли**

(1) Агенцијата спроведува задолжителни инспекциски контроли кои се вршат со цел да се обезбеди правилно спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните. За извршените контроли Агенцијата изготвува годишен извештај кој се објавува на официјалната интернет страница на Агенцијата.

(2) Инспекциските контроли по правило претходно не се најавуваат. Во случај на нивно претходно најавување, тие мора да се ограничат на што е можно пократок период кој не смее да надмине 48 часа.

(3) За секоја извршена инспекциска контрола се составува стандардизиран записник пропишан од директорот на Агенцијата во кој се наведуваат резултатите од контролите, причината за контролите и утврдените неправилности. На одгледувачот или неговиот претставник мора да му се даде можност да го потпише извештајот и, каде што е соодветно, да се дадат нејзини/негови забелешки на содржината на истиот.

(4) Копија од записниците наведени во ставот (7) на овој член треба, без одлагање, да се достават до Агенцијата.

(5) Агенцијата изготвува годишен план за задолжителни инспекциски контроли вклучително и зачестеноста врз основа на анализи на ризик во кои се земаат предвид сите фактори, вклучувајќи ги бројот на животните на едно одгледувалиште, вклучувајќи податоци за присутните и идентификуваните животни, здравјето на луѓето и здравјето на животните особено земајќи ги предвид претходните жаришта на болести, побараните и исплатени субвенции по животно во споредба со претходните години, значителни промени во споредба со претходните години, резултатите од контролите спроведени во претходните години, а особено соодветното водење на регистрите на одгледувалиштата согласно со овој закон, соодветно чување на пасошите за говеда, за животните кои се

присутни на одгледувалиштето и соодветно пријавување и доставување на податоци до Агенцијата, како и други критериуми.

(6) Директорот на Агенцијата ги пропишува содржината и формата на записникот за инспекциска контрола, начинот на извршување на инспекциската контрола и годишниот извештај од извршените контроли.

Член 32

**Мерки**

(1) Доколку едно или повеќе животни на одгледувалиштето не исполнуват ниту една од одредбите на членовите 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 19 од овој закон, официјалниот ветеринар изрекува мерка забрана на движењето на сите животни во и од тоа одгледувалиште.

(2) Доколку одгледувачот на животното не може да го докаже идентитетот и потеклото на животното во рок од два работни дена, официјалниот ветеринар земајќи го предвид ризикот по здравјето на животните, луѓето и безбедноста на храната изрекува мерка уништување на животното, под надзор на официјалниот ветеринар без надоместок, на трошок на одгледувачот.

(3) Во случај кога животните не исполнуваат барем еден од условите за идентификација и регистрација пропишани со членовите 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 19 од овој закон, официјалниот ветеринар веднаш изрекува мерка ограничување на движењето за тие животни, додека не се исполнат условите во целост.

(4) Доколку бројот на животните на едно одгледувалиште кои не исполнуваат барем еден од условите за идентификација и регистрација пропишани со членовите 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 19 од овој закон надминува 20% од вкупниот број на животни на тоа одгледувалиште, официјалниот ветеринар веднаш изрекува мерка ограничување на движењето на сите животни кои се наоѓаат на тоа одгледувалиште, а за одгледувалиште со помалку од десет животни, овие мерки мора да се преземат доколку повеќе од две животни не се идентификувани во согласност со одредбите од овој закон.

(5) Доколку одгледувачот не ја извести Агенцијата за движењето во и од одгледувалиштето согласно со членовите 10, 11 и 13 од овој закон, официјалниот ветеринар ќе изрече мерка ограничување на движењето на сите животни во и од тоа одгледувалиште.

(6) Доколку одгледувачот не исполнува барем еден од условите во однос на раѓање или смрт на животното согласно со членовите 11 став (3), 13, 14, 16, 16 и 17 од овој закон, официјалниот ветеринар ќе изрече мерка ограничување на движењето на сите животни во и од тоа одгледувалиште.

(7) Доколку одгледувачот не го плати надоместокот на трошоците кои произлегуваат од спроведувањето на одредбите од овој закон, Агенцијата може да го одложи или да го одбие издавањето на документите за движење на тој одгледувач. Во случај на постојан пропуст од страна на одгледувачот да го плати надоместокот, официјалниот ветеринар може да изрече мерка ограничување на движењето на животните во и од тоа одгледувалиште.

(8) Во итни случаи официјалниот ветеринар може да издаде и усна наредба, а најдоцна во рок од три дена од денот на издавањето на усната наредба е должен да издаде решение во писмена форма.

Член 33

**Жалба**

(1) Против решението на официјалниот ветеринар може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(2) По жалбата против одлуките на официјалниот ветеринар одлучува Комисија составена од три члена кои ги именува директорот на Агенцијата. Претседателот на Комисијата треба да биде од редовите на раководните државни службеници кој не учествувал во вршењето на надзорот.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член одлуката по жалбата ја носи во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.

(4) Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

Член 34

**Постапка за едукација**

(1) Доколку при вршење на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членот 36 од овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршење на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува директорот на Агенцијата.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Агенцијата во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку инспекторот при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку инспекторот при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

(9) Агенцијата води евиденција за спроведената едукација која особено содржи име и презиме на учесникот на едукацијата и име и презиме на инспекторот кој ја извршил едукацијата.

(10) Личните податоци од евиденцијата од ставот (9) на овој член се чува три години сметано од денот на нивното внесување.

(11) Директорот на Агенцијата го пропишува начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација.

Глава VIII

**Прекршочни одредби**

Член 35

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) не обезбеди ефикасно спроведување на официјалните контроли (член 7 став (2));

2) не регистрира одгледувалиште на фармски животни (член 9 став (1));

3) не регистрира одгледувалиште на други животни (член 9 став (2));

4) ги отстранува или заменува средствата за идентификација на животното без дозвола на Агенцијата или врши нивна злоупотреба (член 12 став (2));

5) ги злоупотребува средствата за идентификација, Електронската база на податоци и други документи или материјали кои произлегуваат од системот за идентификација и регистрација на животните или ги надминува овластувањата (член 24 став (4));

6) ги злоупотребува средствата за идентификација или Електронската база на податоци (член 25 став (5));

7) става во промет средства за идентификација на животните кои не се пропишани од Агенцијата (член 27 став (3));

8) ги злоупотребува средствата за идентификација на животните или Електронската база на податоци и ги пречекорува овластувањата (член 27 став (7)) и

9) одбие или не спроведе некоја од мерките од членот 30 од овој закон.

(2) Глоба од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршоците од ставот (1) на овој член покрај глобата на правното лице, прекршочниот орган за поведување и водење на прекршочната постапка може да изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на дејност за време од три до 15 дена.

(4) За прекршоците од ставот (1) на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија или должност за време од три до најмногу 15 дена.

(5) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако стори некое од дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 36

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) не пријави до Агенцијата промени во однос на податоците за одгледувалиштето (член 9 став (5));

2) се движат животни без документ за движење (член 10);

3) не ја извести Агенцијата за секое движење во и од одгледувалиштето (член 11 став (2));

4) не ја извести Агенцијата за секое раѓање и угинување на животни на одгледувалиштето во предвидениот рок (член 11 став (3));

5) не изврши попис на животните на одгледувалиште и не ги внесе податоците во регистарот на одгледувалиште (член 13 став (2));

6) не достави податоци за извршениот попис до Електронската база на податоци во предвидениот рок (член 13 став (3));

7) не чува податоци согласно со предвидениот рок (член 13 став (5));

8) не го идентификува говедото (член 14 став (1));

9) не ги идентификува овците и козите (член 16 став (1));

10) не ги идентификува свињите (член 17 став (1));

11) не го идентификува домашниот миленик (член 18 став (1));

12) не ги идентификува другите животни (член 19 став (1));

13) не ги внесува податоците од членот 25 став (2) од овој закон и

14) не се придржува до условите и роковите пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон (член 27 став (4)).

(2) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 80 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако стори некое од дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 37

(1) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место за прекршок на правното лице, ако:

1) не води и тековно не го надополнува регистарот на одгледувалиштето (член 13 став (1));

2) не го даде на увид регистарот на одгледувалиштето (член 13 став (4));

3) не побара замена на средството за идентификација во предвидениот рок (член 14 став (2));

4) не го потполни и потпише пасошот (член 15 став (3));

5) не го внесе датумот на угинување и не го врати пасошот (член 15 став (4));

6) не го внесе датумот на колење и не го врати пасошот (член 15 став (5));

7) не побара дупликат на пасош за говедо (член 15 став (6));

8) го користи привремениот документ за движење повеќе од два пати (член 15 став (8));

9) не го предаде привремениот документ за движење (член 15 став (9));

10) не побара замена на средството за идентификација во предвидениот рок (членови 16 став (4) и 17 став (2));

11) не пријави промена на статусот на миленикот во предвидениот рок (член 18 став (4));

12) не го замени средството за идентификација во предвидениот рок (член 18 став (6));

13) не го идентификува новороденото теле и не ги внесе податоците во Електронската база на податоци во предвидениот рок (член 24 став (3) точка 1);

14) не издаде пасош за говеда во предвидените рокови (член 24 став (3) точка 2);

15) не внесе податоци во Електронската база на податоци и не достави информации до Агенцијата во предвидениот рок (член 24 став (3) точка 3);

16) не ги изготви и предаде документите од системот за идентификација и регистрација на животните до одгледувачот во предвидениот рок (член 24 став (3) точка 4) и

17) несовесно ја чува и води евиденцијата за средствата за идентификација и на другите документи од системот за идентификација и регистрација на животните (член 24 став (3) точка 5).

(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член ќе му се изрече глоба, на самото место, во износ од 100 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба, на самото место, во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место за прекршок на физичко лице ако стори некое од дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 38

**Прекршочен орган**

(1) За прекршоците утврдени во членовите 35 и 36 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Агенцијата (во натамошниот текст: Прекршочниот орган).

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочната комисија) формирана од страна на директорот на Агенцијата.

(3) Прекршочната комисија е составена од овластени службени лица вработени во Агенцијата од кои едно ја врши функцијата на претседател на Прекршочната комисија.

(4) Прекршочната комисија е составена од три члена од кои:

- двајца дипломирани правници од кои еден со положен правосуден испит со пет години работно искуство во својата област и

- еден со висока стручна подготовка од областа на општествените науки со пет години работно искуство од својата област.

(5) Прекршочната комисија се избира за времетраење од три години со право на реизбор на членовите.

(6) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник со положен правосуден испит.

(7) Покрај членовите на Прекршочната комисија директорот на Агенцијата може да определи секретар на Прекршочната комисија кој врши административни работи за Комисијата и заменици-членови кои, по исклучок, учествуваат во работата на Прекршочната комисија во случај на отсуство на некој од членовите.

(8) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.

(9)Против решенијата на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција, може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

Член 39

**Работа на Прекршочната комисија**

(1) Член на Прекршочната комисија може да се разреши:

1) со истекот на времето за кое е именуван за член;

2) по негово барање;

3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон;

4) ако му се утврди трајна неспособност;

5) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочна постапка со правосилна одлука;

6) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочна постапка со правосилна одлука;

7) ако не ги исполнува условите и обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија и

8) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

(2) Предлог за разрешување на член на Комисијата за случаите од ставот (1) точки 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Прекршочната комисија до директорот на Агенцијата.

(3) Разрешување на претседателот на Комисијата за случаите од ставот (1) точки 3 до 8 на овој член го врши директорот на Агенцијата.

(4) Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и да презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

(5) Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

(6) Прекршочната комисија работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(7) Прекршочната комисија води единствена евиденција за прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки.

(8) Евиденцијата од ставот (6) на овој член особено содржи податоци за сторителот на прекршокот физичко лице, односно одговорно лице во правното лице - име и презиме, матичен број на граѓанинот, адреса на живеење, за физичко лице - странец и бројот на патанат исправа.

(9) Лични податоци од евиденцијата од ставот (6) на овој член се чуваат три години, сметано од денот на внесувањето.

Член 40
**Порамнување**

(1) За прекршоците во членовите 35 и 36 од овој закон официјалните ветеринари се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

(2) Официјалниот ветеринар составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место.

(3) Во записникот се определува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторувањето на прекршокот.

(4) Официјалниот ветеринар во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот му дава платен налог.

(5) Се смета дека сторителот на прекршокот со потписот на приемот на платниот налог се согласува да ја плати глобата, и истото се забележува во записникот.

(6) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и платниот налог го потпишува службеното, односно одговорното лице кое се нашло на самото место при инспекцискиот надзор или друго службеното или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог.

(7) Изјавата од ставот (6) на овој член се забележува во записникот.

(8) Официјалните ветеринари се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

(9) Евиденцијата од ставот (8) на овој член особено содржи податоци за сторителот на прекршокот - име и презиме, матичен број на граѓанинот, адреса на живеење, податоци за вработување, за физичко лице - странец и бројот на патната исправа и државјанство.

(10) Личните податоци од евиденцијата од ставот (9) на овој член се чува три години, сметано од денот на внесувањето.

Глава IX
**Преодни и завршни одредби**

Член 41

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член прописите од членовите 26, 28 и 34 од овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 42

(1) По исклучок од членот 21 став (1) од овој закон трошоците за идентификација и регистрација на овци и кози до истекот на 2012 година во висина од 50% ќе бидат на товар на Буџетот на Република Македонија, а останатите 50% се на товар на одгледувачот.

(2) По исклучок од членот 21 став (1) од овој закон во првата година при воспоставување на системот за идентификација и регистрација на свињи и пчели трошоците настанати при воспоставување на системот, со исклучок на апликација на средствата за идентификација на свињи и внесување на податоците во Електронската база на податоци за одгледувачи кои сами ги вршат овие активности, се покриваат од Буџетот на Република Македонија.

Член 43

По исклучок од членот 16 став (2) од овој закон до пристапувањето на Република Македонија во Европската унија како прво средство за идентификација ќе се користат ушни маркици.

Член 44

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Реублика Македонија“ број 69/2004 и 81/2007) и членот 12 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Реублика Македонија“ број 113/2007 и 136/11).

Член 45

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.